# Обука на затворски раководен кадар

Управата за извршување на санкциите во соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје во периодот од 18 до 20 февруари 2015 година спроведе Пилот Обука на затворски раководен кадар. На обуката што се одржа во Хотел Арка, Скопје  присуствуваа претставници од Управата за извршување на санкциите и учесници од сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи: директори на установи или нивни заменици, како и раководители на сектори во установите.



Членовите на работната група кои учествуваа во изработката на Прирачникот за обука на затворски раководен кадар заедно со двата консултанти, ангажирани од Советот на Европа ги презентираа содржините од повеќедневната обука на учесниците. Прирачникот ќе им овозможи на новоназначените директори на установите, нивните заменици, како и на другиот затворски раководен кадар да се стекнат со специјализирани вештини во работењето што вклучуваат знаења од областа на релевантното законодавство и меѓународните стандарди, лидерски вештини и вештини на управување, комуникациски вештини, управување со кризен менаџмент,

справување со конфликти, правење на SWOT анализа, како и управување со успешноста на установите.

Овие активности се дел од ИПА Проектот 2009 насловен како “Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица”.